**Народна банка на Република Македонија**
ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр. 8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на четвртиот квартал од 2017 година

март 2018 година

На крајот на 2017 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 7.403 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е намален за 240 милиони евра. Оваа промена е резултат на намалувањето на јавниот надворешен долг за 248 милиони евра, при истовремено зголемување на приватниот надворешен долг за 9 милиони евра. Кварталното намалување на јавниот долг се должи на намалувањето на репо-трансакциите што ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] (за 305 милиони евра), во услови на раст на обврските на државата и на јавните банки и претпријатија (за 42 и 14 милиони евра, соодветно).

**Бруто надворешните побарувања** на крајот на годината изнесуваат 4.523 милиони евра и бележат квартално намалување за 248 милиони евра. Намалувањето речиси во целост произлегува од намалувањето на јавните побарувања за 239 милиони евра (како резултат на обратните репо-трансакции[2] на Народната банка), со минимално намалување и на приватните побарувања за 9 милиони евра. Како резултат на поголемото квартално намалување на побарувањата во однос на обврските, **нето надворешниот долг** во четвртиот квартал од 2017 година е зголемен за 8 милиони евра и изнесува 2.881 милион евра.

**Во однос на крајот на 2016 година**, бруто надворешниот долг на крајот на 2017 година е повисок за 187 милиони евра, главно поради зголемениот приватен долг (за 170 милиони евра). Бруто надворешните побарувања се намалени за 64 милиони евра, при намалени пласмани на централната банка (за 273 милиони евра) и раст на приватните побарувања (за 209 милиони евра). Од почетокот на 2017 година, нето надворешниот долг е зголемен за 251 милион евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на четвртиот квартал од 2017 година е зголемена за 118 милиони евра, главно под влијание на зголемените нето-обврски од сопственичките инструменти (за 110 милиони евра), а во помал обем и на должничките инструменти (за 8 милиони евра). Со тоа, на крајот на четвртиот квартал на 2017 година, негативната нето МИП изнесува 6.022 милиона евра, или 59,8% од БДП за 2017 година. И натаму, најголем дел (79,9%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои повеќе од 74,3% се врз основа на сопственички капитал.

---

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

[2] Обратни репо-трансакции.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2016 | | 30.09.2017 | | 31.12.2017 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,216.6** | **74.2** | **7,642.9** | **75.9** | **7,403.4** | **73.6** | **-239.6** | **-3.1** | **-2.4** | **186.8** | **2.6** | **-0.7** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,216.6** | **74.2** | **7,338.3** | **72.9** | **7,403.4** | **73.6** | **65.1** | **0.9** | **0.6** | **186.8** | **2.6** | **-0.7** |
| Долгорочен долг | 5,633.9 | 57.9 | 5,539.4 | 55.0 | 5,624.4 | 55.9 | 85.0 | 1.5 | 0.8 | -9.5 | -0.2 | -2.1 |
| Краткорочен долг | 1,582.7 | 16.3 | 2,103.6 | 20.9 | 1,779.0 | 17.7 | -324.6 | -15.4 | -3.2 | 196.3 | 12.4 | 1.4 |
| Јавен долг | 3,445.3 | 35.4 | 3,710.2 | 36.9 | 3,461.7 | 34.4 | -248.4 | -6.7 | -2.5 | 16.4 | 0.5 | -1.0 |
| Приватен долг | 3,771.2 | 38.8 | 3,932.8 | 39.1 | 3,941.7 | 39.2 | 8.9 | 0.2 | 0.1 | 170.4 | 4.5 | 0.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,587.0** | **47.2** | **4,770.5** | **47.4** | **4,522.6** | **44.9** | **-247.9** | **-5.2** | **-2.5** | **-64.4** | **-1.4** | **-2.2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | **4,587.0** | **47.2** | **4,464.8** | **44.4** | **4,522.6** | **44.9** | **57.7** | **1.3** | **0.6** | **-64.4** | **-1.4** | **-2.2** |
| **Нето надворешен долг** | **2,629.6** | **27.0** | **2,872.5** | **28.5** | **2,880.8** | **28.6** | **8.3** | **0.3** | **0.1** | **251.2** | **9.6** | **1.6** |
| **МИП, нето** | **-5,576.0** | **-57.3** | **-5,903.3** | **-58.6** | **-6,021.6** | **-59.8** | **-118.3** | **2.0** | **-1.2** | **-445.6** | **8.0** | **-2.5** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор: НБРМ.




Бруто надворешниот долг на крајот на 2017 година изнесува 7.403 милиони евра, или 73,6% од БДП, при квартално намалување на долгот од 240 милиони евра (или 3,1%). Притоа, со исклучување на репо-трансакциите на централната банка, долгот на квартална основа би бил повисок за 65 милиони евра (или 0,9%). Во однос на крајот на 2016 година, бруто надворешниот долг е повисок за 187 милиони евра (или 2,6%).

Извор: НБРМ.




Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг (со учество од 53,2%).

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто надворешниот долг е поволна со најголемо учество (од 76%) на долгорочниот бруто надворешен долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, главен носител на надворешната задолженост е секторот „држава", со учество од 34,7%, по што следат останатите сектори и капитално поврзаните субјекти со речиси изедначено учество (28,5% и 28,2%, соодветно). На депозитните институции отпаѓаат 7,6%, а на централната банка 1,1% од бруто надворешниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на застапеноста на одделните видови финансиски инструменти, заемите и натаму се најзастапени со 56,9%. Потоа следуваат трговските кредити и должнички хартии од вредност, со учество од 20,2% и 18,9%, соодветно.




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми сè уште е релативно стабилна, при што и натаму најголемиот дел од овие обврски (79,1%) се деноминирани во евра.




Извор: НБРМ.

Квартралното намалување на бруто надворешниот долг за 240 милиони евра се објаснува со намалувањето на јавниот долг за 248 милиони евра, при минимално зголемување на приватниот долг за 9 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Квартралното намалување на јавниот надворешен долг е резултат на намалувањето на долгот на централната банка за 305 милиони евра (главно врз основа на репо-трансакциите). Наспроти ова, долгот на државата во овој квартал е зголемен за 42 милиони евра, а на јавните банки и јавните претпријатија за 14 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во четвртиот квартал од 2017 година, приватниот надворешен долг е зголемен за 9 милиони евра и произлегува од растот на долгот на приватните банки (20 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (11 милиони евра), при намалување на долгот на капитално поврзаните субјекти (21 милион евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционалните сектори, кварталното намалување на вкупната надворешна задолженост произлегува од централната банка (305 милиони евра), а во помал дел и од капитално поврзаните субјекти (21 милион евра), наспроти зголемувањето евидентирано кај секторот „држава“, и кај останатите сектори (за 42 и 35 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешниот долг главно произлегува од растот на долгот на приватниот сектор (за 170 милиони евра), а во помал дел и од јавниот сектор (16 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, во споредба со крајот на годината, долгот е зголемен пред сè кај капитално поврзаните субјекти (133 милиони евра), по што следи секторот „држава“ и останатите сектори. Намалување на долгот бележиме кај централната банка и кај депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања, на крајот на 2017 година, изнесуваат 4.523 милиони евра, односно 44,9% од БДП. Во текот на четвртиот квартал, побарувањата од нерезиденти се намалени за 248 милиони евра (или 5,2%).

Во споредба со крајот на 2016 година, бруто надворешните побарувања бележат намалување од 64 милиони евра (или 1,4%).




Извор: НБРМ.

Во четвртиот квартал на 2017 година е забележано зголемено учество на приватните бруто надворешни побарувања, како на квартална, така и на збирна основа (за 2,6 и 5,3 п.п., соодветно).




Извор: НБРМ.

Од аспект на рочната структура, најзастапени се краткорочните побарувања, коишто и покрај кварталното намалување (за 2,0 п.п.), на годишна основа бележат зголемување на учеството (за 7,8 п.п.).




Извор: НБРМ.

Најголемиот дел (46,4%) од вкупните бруто надворешни побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив следуваат: останатите сектори (20,3%), капитално поврзаните субјекти (18,8%) и депозитните институции (14,6%).




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата на вкупните бруто надворешни побарувањата врз основа на должнички инструменти покажува најголемо учество на хартиите од вредност (38,7%), по што следат трговските кредити (30,3%), валутите и депозитите (22,2%) и заемите (8,7%).




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во четвртиот квартал од 2017 година се намалени за 248 милиони евра, што речиси во целост произлегува од намалувањето на јавните побарувања за 239 милиони евра (врз основа на обратните репо-трансакции на централната банка), со минимално намалување и на приватните побарувања за 9 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Минималниот квартален пад на приватните бруто надворешни побарувања произлегува од намалените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 70 милиони евра), коишто во голем дел се неутрализирани преку зголемените побарувања на приватните банки и на небанкарскиот приватен сектор (за 36 и 25 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на бруто надворешни побарувања е главно сконцентрирано кај централната банка (за 239 милиони евра), во помал дел и кај капитално поврзаните субјекти (за 70 милиони евра), додека депозитните институции и останатите сектори бележат раст на побарувањата (за 36 и 25 милиони евра, соодветно).

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2017 година




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, падот на бруто надворешните побарувања од 64 милиони евра, произлегува од намалувањето на јавните побарувања (за 273 милиони евра), коишто делумно се компензирани со зголемените приватни побарувања (за 209 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано според секторите, од почетокот на годината, намалувањето на вкупните надворешни побарувања произлегува од централната банка (273 милиони евра), додека другите институционални сектори (главно домашниот корпоративен сектор) бележат зголемување на побарувањата.




Извор:НБРМ.

Во услови на посилно квартално намалување на бруто надворешните побарувања (за 248 милиони евра) во однос на намалувањето на бруто надворешниот долг (за 240 милиони евра), нето надворешниот долг е зголемен за 8 милиони евра (0,3%) и на крајот на 2017 година изнесува 2.881 милион евра (28,6% од БДП).
Во однос на крајот на 2016 година, нето надворешниот долг е зголемен за 251 милион евра (9,6%).




Извор:НБРМ.

Приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг (52,6%). Притоа, растот на нето-задолжувањето во текот на четвртиот квартал главно произлегува од зголемениот нето приватен долг (за 18 милиони евра).




Извор:НБРМ.

Од аспект на структурата на нето надворешниот долг според институционалните сектори, нето-кредитори кон странство се само централната банка и депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП), на 31.12.2017 година, изнесува 6.022 милиона евра (59,8% од БДП). Во текот на четвртиот квартал, негативната нето МИП е зголемена за 118 милиони евра (или 2%), а на годишна основа за 446 милиони евра (или 8%).




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, 79,9% од нето-обврските произлегуваат од директни инвестиции, од кои 3.575 милиони, или 74,3%, се нето-обврски врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на негативната нето МИП произлегува од намалувањето на страната на средствата (за 236 милиони евра), делумно неутрализирано од намалувањето на обврските (за 117 милиона евра).




Извор: НБРМ.

Зголемената негативна нето МИП главно се објаснува со промените кај сопственичките инструменти (за 110 милиони евра), а во помал обем и кај должничките инструменти (за 8 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Кварталното зголемување на нето-обврските од сопственички инструменти главно е резултат на зголемувањето на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 124 милиони евра), придружено со намалување на монетарното злато (за 2 милиона евра), при намалување на нето-обврските врз основа на сопственички хартии од вредност кај портфолио-инвестициите (за 16 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, негативната нето МИП бележи збирен раст од 446 милиони евра, што е резултат на зголемените нето-обврски врз основа на должнички и сопственички инструменти (за 251 и 194 милиони евра, соодветно). Растот на нето-обврските кај сопственичките инструменти произлегува од нето-обврските врз основа на директни инвестиции (241 милион евра), при намалени нето-обврски од портфолио-инвестиции (51 милион евра) и зголемување кај монетарното злато (4 милиони евра).

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 134.6 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 | 195.2 | 41.8 | 27.3 | 21.0 | 12.0 |
| Должнички хартии од вредност | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 1,308.1 | 1,277.6 | 1,310.0 | 1,354.8 | 1,359.6 | 1,401.8 | 42.1 | 3.1 | 124.2 | 9.7 |
| Заеми | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,515.4 | 4,549.3 | 4,644.7 | 4,326.2 | 4,637.2 | 4,549.5 | 4,491.0 | 4,214.5 | -276.5 | -6.2 | -111.7 | -2.6 |
| Трговски кредити и аванси | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,305.9 | 1,291.8 | 1,315.2 | 1,340.8 | 1,517.4 | 1,514.0 | 1,546.0 | 1,499.2 | -46.8 | -3.0 | 158.4 | 11.8 |
| Останати обврски | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 81.6 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 | 78.2 | -0.2 | -0.2 | -5.0 | -6.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,715.9** | **7,717.7** | **7,642.9** | **7,403.4** | **-239.6** | **-3.1** | **186.8** | **2.6** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 42.4 | 1.7 | 54.0 | 2.2 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | -304.8 | -79.6 | -5.0 | -6.0 |
| Депозитни институции, освен централна банк | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 563.3 | 565.7 | 571.6 | 591.7 | 556.3 | 609.7 | 552.7 | 562.2 | 9.5 | 1.7 | -29.5 | -5.0 |
| Останати сектори | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 1,886.6 | 1,888.8 | 1,918.9 | 2,077.5 | 2,071.7 | 2,050.0 | 2,077.6 | 2,112.3 | 34.7 | 1.7 | 34.8 | 1.7 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,854.3 | 1,898.0 | 1,907.4 | 1,952.2 | 2,106.3 | 2,128.4 | 2,106.0 | 2,084.7 | -21.3 | -1.0 | 132.5 | 6.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,715.9** | **7,717.7** | **7,642.9** | **7,403.4** | **-239.6** | **-3.1** | **186.8** | **2.6** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.3** | **70.1** | **70.6** | **77.0** | **74.2** | **76.7** | **76.7** | **75.9** | **73.6** | | -2.4 | | -0.7 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***6,509.8*** | ***6,574.0*** | ***7,136.3*** | ***7,216.6*** | ***7,362.3*** | ***7,465.2*** | ***7,338.3*** | **7,403.4** | **65.1** | **0.9** | **186.8** | **2.6** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.3*** | ***67.0*** | ***67.6*** | ***73.4*** | ***74.2*** | ***73.1*** | ***74.2*** | ***72.9*** | ***73.6*** | | 0.6 | | -0.7 |
| Долгорочен долг | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,009.4 | 5,046.4 | 5,586.6 | 5,633.9 | 5,631.4 | 5,664.2 | 5,539.4 | 5,624.4 | 85.0 | 1.5 | -9.5 | -0.2 |
| Краткорочен долг | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,803.7 | 1,814.8 | 1,902.1 | 1,582.7 | 2,084.5 | 2,053.5 | 2,103.6 | 1,779.0 | -324.6 | -15.4 | 196.3 | 12.4 |
| Долгорочен долг% | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 73.5 | 73.6 | 74.6 | 78.1 | 73.0 | 73.4 | 72.5 | 76.0 | | 3.5 | | -2.1 |
| Краткорочен долг% | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 26.5 | 26.4 | 25.4 | 21.9 | 27.0 | 26.6 | 27.5 | 24.0 | | -3.5 | | 2.1 |
| Долгорочен долг/БДП % | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 51.5 | 51.9 | 57.5 | 57.9 | 55.9 | 56.3 | 55.0 | 55.9 | | 0.8 | | -2.1 |
| Краткорочен долг/БДП % | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 18.6 | 18.7 | 19.6 | 16.3 | 20.7 | 20.4 | 20.9 | 17.7 | | -3.2 | | 1.4 |
| **Јавен долг** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,279.1** | **3,282.8** | **3,890.9** | **3,445.3** | **3,819.9** | **3,741.0** | **3,710.2** | **3,461.7** | **-248.4** | **-6.7** | **16.37** | **0.5** |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 42.4 | 1.7 | 54.0 | 2.2 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | -304.8 | -79.6 | -5.0 | -6.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.5 | 13.9 | 1.7 | -32.6 | -3.8 |
| **Приватен долг** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,534.0** | **3,578.4** | **3,597.8** | **3,771.2** | **3,896.0** | **3,976.8** | **3,932.8** | **3,941.7** | **8.9** | **0.2** | **170.43** | **4.5** |
| Јавен долг% | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 48.1 | 47.8 | 52.0 | 47.7 | 49.5 | 48.5 | 48.5 | 46.8 | | -1.8 | | -1.0 |
| Приватен долг% | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 51.9 | 52.2 | 48.0 | 52.3 | 50.5 | 51.5 | 51.5 | 53.2 | | 1.8 | | 1.0 |
| Јавен долг/БДП % | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.3 | 33.7 | 33.8 | 40.0 | 35.4 | 37.9 | 37.2 | 36.9 | 34.4 | | -2.5 | | -1.0 |
| Приватен долг/БДП % | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 36.3 | 36.8 | 37.0 | 38.8 | 38.7 | 39.5 | 39.1 | 39.2 | | 0.1 | | 0.4 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор: НБРМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | **во мил. евра** | **во %/п.п.** | **во мил. евра** | **во %/п.п.** |
| Валути и депозити | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | 791.3 | 891.4 | 1,015.7 | 909.0 | 784.5 | 1,002.0 | 217.5 | 27.7 | 110.5 | 12.4 |
| Должнички хартии од вредност | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | 2,181.6 | 2,122.6 | 1,841.8 | 1,805.6 | 1,865.6 | 1,750.2 | -115.4 | -6.2 | -372.4 | -17.5 |
| Заеми | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 580.2 | 556.4 | 614.8 | 258.4 | 756.5 | 636.5 | 643.4 | 394.6 | -248.8 | -38.7 | 136.2 | 52.7 |
| Трговски кредити и аванси | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,244.5 | 1,332.4 | 1,326.2 | 1,309.2 | 1,354.7 | 1,424.5 | 1,472.6 | 1,371.5 | -101.1 | -6.9 | 62.2 | 4.8 |
| Останати побарувања | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.6 | 0.7 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.0 | 3.3 | -0.4 | -64.3 |
| Специјални права на влечење | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.4 | 4.2 | 4.1 | -0.1 | -2.7 | -0.6 | -13.0 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,974.0** | **4,780.4** | **4,770.5** | **4,522.6** | **-247.9** | **-5.2** | **-64.4** | **-1.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | -238.9 | -10.2 | -273.4 | -11.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | 544.4 | 653.2 | 582.5 | 556.3 | 623.0 | 658.9 | 35.9 | 5.8 | 5.7 | 0.9 |
| Останати сектори | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 836.9 | 898.0 | 851.0 | 857.6 | 903.4 | 909.3 | 891.3 | 916.0 | 24.8 | 2.8 | 58.5 | 6.8 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 665.4 | 695.1 | 730.8 | 706.0 | 827.6 | 875.8 | 920.4 | 850.8 | -69.6 | -7.6 | 144.8 | 20.5 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,974.0** | **4,780.4** | **4,770.5** | **4,522.6** | **-247.9** | **-5.2** | **-64.4** | **-1.4** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.5** | **46.0** | **44.6** | **50.6** | **47.2** | **49.4** | **47.5** | **47.4** | **44.9** | | **-2.5** | | **-2.2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,173.6*** | ***4,046.6*** | ***4,566.1*** | ***4,587.0*** | ***4,592.1*** | ***4,500.3*** | ***4,464.8*** | ***4,522.6*** | **57.7** | **1.3** | **-64.4** | **-1.4** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо/БДП %*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.5*** | ***42.9*** | ***41.6*** | ***47.0*** | ***47.2*** | ***45.6*** | ***44.7*** | ***44.4*** | ***44.9*** | | **0.6** | | **-2.2** |
| Долгорочни побарувања | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.1 | 2,373.3 | 2,284.6 | 2,073.8 | 1,928.3 | 1,909.0 | 1,899.0 | -10.0 | -0.5 | -385.6 | -16.9 |
| Краткорочни побарувања | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,487.1 | 2,418.8 | 2,545.9 | 2,302.4 | 2,900.2 | 2,852.1 | 2,861.5 | 2,623.6 | -237.9 | -8.3 | 321.1 | 13.9 |
| Долгорочни побарувања% | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 44.4 | 44.2 | 48.2 | 49.8 | 41.7 | 40.3 | 40.0 | 42.0 | | 2.0 | | -7.8 |
| Краткорочни побарувања% | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 55.6 | 55.8 | 51.8 | 50.2 | 58.3 | 59.7 | 60.0 | 58.0 | | -2.0 | | 7.8 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 20.5 | 19.7 | 24.4 | 23.5 | 20.6 | 19.2 | 19.0 | 18.9 | | -0.1 | | -4.6 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 25.6 | 24.9 | 26.2 | 23.7 | 28.8 | 28.3 | 28.4 | 26.1 | | -2.4 | | 2.4 |
| **Јавни побарувања** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **2,793.1** | **2,370.2** | **2,660.6** | **2,438.9** | **2,335.7** | **2,096.8** | **-238.9** | **-10.2** | **-273.4** | **-11.5** |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | -238.9 | -10.2 | -273.4 | -11.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,136.4** | **2,147.8** | **2,126.1** | **2,216.7** | **2,313.5** | **2,341.4** | **2,434.7** | **2,425.7** | **-9.0** | **-0.4** | **209.0** | **9.4** |
| Јавни побарувања% | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 52.3 | 50.4 | 56.8 | 51.7 | 53.5 | 51.0 | 49.0 | 46.4 | | -2.6 | | -5.3 |
| Приватни побарувања% | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 47.7 | 49.6 | 43.2 | 48.3 | 46.5 | 49.0 | 51.0 | 53.6 | | 2.6 | | 5.3 |
| Јавни побарувања/БДП % | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 24.1 | 22.5 | 28.7 | 24.4 | 26.4 | 24.2 | 23.2 | 20.8 | | -2.4 | | -3.5 |
| Приватни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 22.0 | 22.1 | 21.9 | 22.8 | 23.0 | 23.3 | 24.2 | 24.1 | | -0.1 | | 1.3 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор: НБРМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -752.3 | -765.3 | -628.0 | -656.7 | -717.2 | -861.9 | -704.1 | -631.1 | -806.7 | -175.7 | 27.8 | -89.5 | 12.5 |
| Должнички хартии од вредност | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,017.6 | -974.5 | -878.9 | -873.5 | -845.0 | -531.8 | -450.9 | -505.9 | -348.4 | 157.5 | -31.1 | 496.6 | -58.8 |
| Заеми | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,909.0 | 3,935.2 | 3,992.9 | 4,030.0 | 4,067.8 | 3,880.8 | 3,913.0 | 3,847.6 | 3,819.9 | -27.7 | -0.7 | -247.9 | -6.1 |
| Трговски кредити и аванси | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 31.1 | 61.4 | -40.6 | -11.0 | 31.6 | 162.7 | 89.5 | 73.4 | 127.7 | 54.3 | 74.1 | 96.1 | 304.5 |
| Останати обврски | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.5 | 2.4 | 3.9 | 3.7 | 14.0 | 13.8 | 14.3 | 14.4 | 14.3 | 0.0 | 0.0 | 0.4 | 2.7 |
| Специјални права на влечење | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.4 | 77.0 | 78.0 | 77.0 | 78.5 | 78.3 | 75.6 | 74.2 | 74.1 | -0.1 | -0.1 | -4.4 | -5.6 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,741.8** | **2,937.4** | **2,872.5** | **2,881** | **8** | **0.3** | **251.2** | **9.6** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 42.4 | 1.7 | 54.0 | 2.2 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -65.9 | 3.4 | 268.4 | -11.7 |
| Депозитни институции, освен централна | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -55.4 | -70.7 | 11.1 | 27.2 | -61.5 | -26.2 | 53.4 | -70.3 | -96.7 | -26.4 | 37.6 | -35.2 | 57.3 |
| Останати сектори | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,046.1 | 1,049.7 | 990.7 | 1,067.9 | 1,220.0 | 1,168.3 | 1,140.7 | 1,186.4 | 1,196.3 | 9.9 | 0.8 | -23.7 | -1.9 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,150.4 | 1,188.9 | 1,202.8 | 1,176.5 | 1,246.2 | 1,278.7 | 1,252.5 | 1,185.6 | 1,233.9 | 48.3 | 4.1 | -12.3 | -1.0 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,741.8** | **2,937.4** | **2,872.5** | **2,880.8** | **8.3** | **0.3** | **251.2** | **9.6** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **24.8** | **24.0** | **26.0** | **26.4** | **27.0** | **27.2** | **29.2** | **28.5** | **28.6** | | **0.1** | | **1.6** |
| Долгорочен нето долг | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,924.9 | 3,019.6 | 3,131.4 | 3,213.3 | 3,349.3 | 3,557.6 | 3,735.9 | 3,630.4 | 3,725.4 | 95.0 | 2.6 | 376.1 | 11.2 |
| Краткорочен нето долг | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -673.7 | -683.4 | -604.0 | -643.8 | -719.7 | -815.7 | -798.6 | -757.9 | -844.6 | -86.7 | 11.4 | -124.9 | 17.4 |
| Долгорочен нето долг% | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.9 | 129.3 | 123.9 | 125.1 | 127.4 | 129.8 | 127.2 | 126.4 | 129.3 | | 2.9 | | 1.9 |
| Краткорочен нето долг% | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.9 | -29.3 | -23.9 | -25.1 | -27.4 | -29.8 | -27.2 | -26.4 | -29.3 | | -2.9 | | -1.9 |
| Долгорочен нето долг/БДП % | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 32.2 | 31.1 | 32.2 | 33.0 | 34.4 | 35.3 | 37.1 | 36.1 | 37.0 | | 0.9 | | 2.6 |
| Краткорочен нето долг/БДП % | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.4 | -7.0 | -6.2 | -6.6 | -7.4 | -8.1 | -7.9 | -7.5 | -8.4 | | -0.9 | | -1.0 |
| **Јавен нето долг** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **869.6** | **938.6** | **1,096.8** | **1,097.8** | **1,075.1** | **1,159.3** | **1,302.1** | **1,374.4** | **1,364.9** | **-9.6** | **-0.7** | **289.8** | **27.0** |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 42.4 | 1.7 | 54.0 | 2.2 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -65.9 | 3.4 | 268.4 | -11.7 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.5 | 13.9 | 1.7 | -32.6 | -3.8 |
| **Приватен нето долг** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,381.6** | **1,397.6** | **1,430.6** | **1,471.6** | **1,554.5** | **1,582.5** | **1,635.3** | **1,498.1** | **1,516.0** | **17.9** | **1.2** | **-38.5** | **-2.5** |
| Јавен нето долг% | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 38.6 | 40.2 | 43.4 | 42.7 | 40.9 | 42.3 | 44.3 | 47.8 | 47.4 | | -0.5 | | 6.5 |
| Приватен нето долг% | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 61.4 | 59.8 | 56.6 | 57.3 | 59.1 | 57.7 | 55.7 | 52.2 | 52.6 | | 0.5 | | -6.5 |
| Јавен нето долг/БДП % | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.6 | 9.7 | 11.3 | 11.3 | 11.1 | 11.5 | 12.9 | 13.7 | 13.6 | | -0.1 | | 2.5 |
| Приватен нето долг/БДП % | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 15.2 | 14.4 | 14.7 | 15.1 | 16.0 | 15.7 | 16.2 | 14.9 | 15.1 | | 0.2 | | -0.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор: НБРМ

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **Кв.1-2016** | **Кв.2-2016** | **Кв.3-2016** | **Кв.4-2016** | **Кв.1-2017** | **Кв.2-2017** | **Кв.3-2017** | **Кв.4-2017** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** |
| **МИП-нето** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,182.0** | **-5,394.8** | **-5,472.8** | **-5,576.0** | **-5,778.9** | **-5,979.4** | **-5,903.3** | **-6,021.6** | **-118.3** | **2.0** | **-445.6** | **8.0** |
| Средства | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,634.0 | 4,571.9 | 5,036.8 | 4,913.8 | 5,505.0 | 5,171.3 | 5,576.9 | 5,388.2 | 5,398.6 | 5,162.8 | -235.8 | -4.4 | -8.5 | -0.2 |
| Обврски | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 9,183.0 | 9,654.6 | 10,218.8 | 10,308.6 | 10,977.7 | 10,747.3 | 11,355.8 | 11,367.6 | 11,301.9 | 11,184.4 | -117.5 | -1.0 | 437.1 | 4.1 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.1** | **-56.0** | **-53.3** | **-55.5** | **-56.3** | **-57.3** | **-57.4** | **-59.4** | **-58.6** | **-59.8** | | **-1.2** | | **-2.5** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -2,071.9 | -2,072.0 | -2,110.6 | -2,134.8 | -2,652.9 | -2,508.0 | -2,541.1 | -2,593.1 | -2,519.5 | -2,562.0 | -42.4 | 1.7 | -54.0 | 2.2 |
| МИП, нето-централна банка | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 2,358.9 | 2,179.2 | 2,185.4 | 2,076.7 | 2,618.7 | 2,530.9 | 2,480.5 | 2,348.1 | 2,194.6 | 2,258.7 | 64.1 | 2.9 | -272.2 | -10.8 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -534.5 | -541.2 | -534.6 | -624.7 | -654.5 | -574.3 | -609.1 | -688.1 | -566.7 | -537.6 | 29.1 | -5.1 | 36.7 | -6.4 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,301.6 | -4,648.7 | -4,722.3 | -4,712.0 | -4,784.1 | -5,024.6 | -5,109.2 | -5,046.3 | -5,011.6 | -5,180.7 | -169.1 | 3.4 | -156.1 | 3.1 |
| **МИП, нето** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,182.0** | **-5,394.8** | **-5,472.8** | **-5,576.0** | **-5,778.9** | **-5,979.4** | **-5,903.3** | **-6,021.6** | **-118.3** | **2.0** | **-445.6** | **8.0** |
| Директни инвестиции, нето | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,902.7 | -4,296.3 | -4,381.9 | -4,442.8 | -4,463.6 | -4,580.3 | -4,714.0 | -4,692.7 | -4,636.7 | -4,809.4 | -172.7 | 3.7 | -229.1 | 5.0 |
| Портфолио инвестиции, нето | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -621.7 | -636.2 | -644.5 | -658.3 | -1,162.1 | -1,107.0 | -1,137.0 | -1,169.3 | -1,151.1 | -1,177.3 | -26.2 | 2.3 | -70.3 | 6.3 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.5 | -3.4 | -3.7 | -4.1 | -4.5 | -4.9 | -4.9 | -5.2 | -5.2 | -5.2 | 0.0 | 0.9 | -0.3 | 7.0 |
| Валути и депозити, нето | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 466.0 | 467.0 | 473.5 | 387.8 | 386.2 | 453.1 | 404.1 | 332.0 | 446.4 | 440.3 | -6.2 | -1.4 | -12.8 | -2.8 |
| Заеми, нето | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,926.3 | -2,894.7 | -2,931.2 | -2,937.3 | -2,966.9 | -2,962.6 | -2,881.6 | -2,869.5 | -2,806.6 | -2,815.5 | -8.9 | 0.3 | 147.1 | -5.0 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | 79.4 | 100.7 | 119.3 | 183.6 | 120.3 | 94.9 | 102.4 | 105.1 | 56.7 | 87.3 | 30.6 | 53.9 | -7.6 | -8.0 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 1.8 | 0.3 | 0.5 | 0.5 | 0.6 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 5.6 | -0.4 | -74.9 |
| Девизни резерви | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,266.3 | 2,158.8 | 2,699.0 | 2,613.4 | 2,534.4 | 2,399.9 | 2,271.4 | 2,336.3 | 64.9 | 2.9 | -277.2 | -10.6 |
| Специјални права на влечење, нето | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -78.2 | -83.2 | -81.6 | -82.8 | -81.6 | -83.2 | -83.0 | -80.1 | -78.4 | -78.2 | 0.2 | -0.2 | 5.0 | -6.0 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен податок на ДЗС, додека податокот за 2017 година е проценка (извор: Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 8.3.2018 година).

Извор:НБРМ.